Уп. бр.08-101

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.п.А. (*ASSICURAZIONI GENERALI S.p.A.*), со седиште на Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, Италија, преку Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 26.07.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.п.А. (*ASSICURAZIONI GENERALI S.p.A.*), со седиште на Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, Италија, ќе стекне единствена контрола над Либерти Сегурос, Компаниа ди Сегурос и Реасегурос, С.А. (*Liberty Seguros, Compania de Seguros y Reaseguros, S.A.*), со регистрирано седиште во Пасео де лас Доче Естрејас, Бр. 4, 28042, Мадрид, Шпанија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 07.07.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.п.А. (*ASSICURAZIONI GENERALI S.p.A.*), со седиште на Пиаца Дука дељи Абруци бр.2, Трст, Италија, со која АССИКУРАЦИОНИ ГЕНЕРАЛИ С.п.А. Трст, Италија ќе стекне

единствена контрола над Либерти Сегурос, Компаниа ди Сегурос и Реасегурос, С.А. (*Liberty Seguros, Compania de Seguros y Reaseguros, S.A.*), со регистрирано седиште во Пасео де лас Доче Естрејас, Бр. 4, 28042, Мадрид, Шпанија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Ассикурациони Генерали С.п.А е мајка компанија на групацијата Генерали, еден од главните светски играчи во секторот за осигурување и управување со средства. Основана во 1831 година, групацијата Генерали е присутна во 50 земји, со вкупен приход од премии од повеќе од 81,5 милијарди евра во 2022 година. Групацијата Генерали има 82.061 вработени кои опслужуваат милион клиенти заклучно со 31 декември 2022 година („Генерали Групација “).

На пазарот на осигурување, Генерали Групацијата нуди широк спектар на осигурителни производи, кои покриваат животно осигурување и осигурување на имот и штета на клиенти, кои се движат од заштеди, индивидуални и семејни полиси, полиси поврзани со определени ствари, како и осигурување од одговорност на трети лица во сообраќај, имот, незгоди и здравствени полиси. Понудата за осигурување на Генерали Групацијата вклучува софистицирана покриеност за комерцијални и индустриски ризици и приспособени планови за мултинационални трговски друштва. Генерали Групацијата има стратегија за дистрибуција преку повеќе канали, која се состои од меѓународна мрежа на агенти и финансиски советници, брокери, банкарско осигурување и директни телефонски и веб-канали.

Во Северна Македонија, Генерали Групацијата има регистрирано корпоративно присуство преку своето зависно друштво Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со регистрирана адреса на бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, Скопје, Северна Македонија, кое е активно во секторот на управување со инвестициски фондови.

Либерти Сегурос, Компаниа ди Сегурос и Реасегурос, С.А е осигурителна компанија со седиште во Шпанија. Компанијата нуди модуларни, флексибилни осигурителни решенија за производи на неживотни и животни ризици главно во Шпанија, Португалија и Ирска, фокусирани на осигурување на моторни возила и осигурување на имот и животен ризик, како и осигурување за надоместци на работниците во Португалија. ххх Либерти Сегурос,

Компаниа ди Сегурос и Реасегурос, С.А е исто така активна и во Обединетото Кралство и нуди производи во Германија и Австрија.

Во Северна Македонија, Либерти Сегурос, Компаниа ди Сегурос и Реасегурос, С.А нема корпоративно присуство, ниту пак има остварено приходи во годината што и претходи на Трансакцијата.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**